2015

МППС

# [СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЈИЕ 2020 ВО МАКЕДОНИЈА]

Столб: Инклузивен раст

# СОДРЖИНА


СОДРЖИНА ........ 1

ВОВЕД ........ 2

Цел и опсег ........ 2

Методологија ........ 2

СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ КАКО ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА ЈИЕ 2020 ........ 3

ИНКЛУЗИВЕН РАСТ КАКО КЛУЧЕН СТРАТЕШКИ СТОЛБ ........ 3

КООРДИНАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА „ЈИЕ 2020“ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ........ 5

СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 7

МЕХАНИЗМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ........ 7

ЈИЕ 2020 ПОСТИГНУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 9

Заклучоци и препораки ........ 12

# ВОВЕД

Стратегијата Југоисточна Европа (ЈИЕ) 2020: работни места и просперитет во европска перспектива, е усвоена од страна на седум држави во регионот, како еквивалент на Стратегијата ЕУ 2020, на конференција на министрите за економија која се одржала во Сараево, во ноември 2013 година. Непосредни учесници во ЈИЕ 2020 се: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово*, Црна Гора, Србија и Република Македонија. Процесот на развивање, усвојување и примена на ЈИЕ 2020 го координира Регионалниот совет за соработка[1].

## Цел и опсег

Целта на следењето на примената односно имплементацијата на Стратегијата ЈИЕ 2020 е да овозможи увид во структурата на имплементирањето на политиките за социјална инклузија на регионално ниво согласно со целите поставени во Стратегијата на национално ниво во Република Македонија како и да изготви извештај за напредокот во имплементацијата на Стратегијата, како и да помогне Македонската платформа против сиромаштија да изгради став и препораки за втората фаза на имплементацијата.

Имајќи ги предвид, неодманешните случувања во Република Македонија, Владата остана прилично гласна во однос на прашањата за нови вработувања и социјални теми, вклучувајќи го и неодманешното објавување за третиот квартал од страна на Државниот завод за статистика, прикажувајќи прилично „оптимистична“ слика за состојбата за стапката на невработеност. И покрај објавените статистики и заложбите на Владата, подобрувањата на стандардот на живеење и невработеноста се малку видливи, имајќи предвид дека во државата сеуште има околу 250 илјади невработени лица. Целта на овој извештај и да ја процени валидноста на владините мерки и активности кои произлегуваат или се во насока на остварувањето на целите поставени во Стратегијата ЈИЕ 2020, со тесен фокус на столбот за инклузивен раст: мобилност на труд, образование и здравје. Оттука, извештајот се фокусира на видливите резултати и од заложбите кои одат во насока на остварување на наведените цели.

Активностите преземени во подготовката на овој извештај се подржани од EAPN на европско ниво. Целите на следењето се во согласност со стратешките цели на Македонската платформа против сиромаштија како и на EAPN. Една од основните стратешки фокуси на EAPN на европско ниво се следењето на имплементацијата на ЕУ 2020 во областа политиките за намалувањето на сиромаштијата и социјалната вклученост. Имајќи предвид дека Република Македонија има статус на држава кандидат за членство во ЕУ, Стратегијата ЕУ 2020 не се согледува како релевантна развојна рамка. Стратегијата ЈИЕ 2020 е стратешки документ кој воведува слични цели, прилагодени за регионот на Југоисточна Европа.

## Методологија

Следењето е спроведено со примена на три методи на прибирање на податоци: преглед и анализа на релевантни документи, интервјуа со претставници на РСС и националните тела за координација од надлежните институции, и статистички податоци за следењето на резултатите од применетите политики, активности и мерки.

[1] http://www.rcc.int/pages/72/about-see-2020

# СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ КАКО ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА ЈИЕ 2020

## ИНКЛУЗИВЕН РАСТ КАКО КЛУЧЕН СТРАТЕШКИ СТОЛБ

Во Стратегијата ЈИЕ 2020 истакната е основната намера на креаторите на јавни политики, и посветеност да се изработи таква Стратегија, тоа е да се усвојат одлучни политики кои пристапуваат кон остварување на неопходен социоекономски раст со цел „овозможување на просперитетот за сите граѓани и да фасилитира перспективна интеграција во ЕУ“ (ЈИЕ 2020: 4). Во основа, Стратегијата ЈИЕ 2020 обезбедува рамка да им помогне на владите во регионот во имплементацијата на сопствени развојни стратегии, вклучувуајќи и цели врзани за пристапувањето во ЕУ со унапредување на националните мерки и активности преку регионална соработка за конкретни прашања.

Стратегијата е концентрирана околу повеќе меѓусебно поврзани столбови на развој:

- Интегриран раст: со промовирање на поврзаностите на регионалната трговија и инвестициите, како и политики кои се недискриминирачки, транспарентни и предвидливи;
- Паметен раст: со заложба за иновација и конкурентност на додадената вредност, а не на цената на работната сила;
- Одржлив раст: преку подигнување на нивото на конкурентност во приватниот сектор, развој на инфраструктурата, како и поеколошки и поенергетски-ефикасен раст;
- Инклузивен раст: со ставање поголем акцент на развојот на вештини, создавање вработувања и инклузивно учество на пазарот на работна сила, здравството и благосостојбата;
- Со добро владеење до раст: со зголемување на капацитетот на јавните администрации да се зајакне владеењето на правото и да се намали корупцијата, со цел создавање клима која го поттикнува работењето на бизнисите и обезбедување на јавните услуги кои се неопходни за економски развој.

За секоја столб дефинирани се специфични цели во Стратегијата. Самата Стратегија е развиена високо експертско ниво со развиена теорија на промени во облик на детални логички графикони прикажани за секој столб.

*Table 1*

**OVERVIEW OF THE SEE 2020 STRATEGY**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Overall targets:** | (i) Increase SEE average GDP per capita relative to the EU average: from 36.4% to 44% in 2020<br>(ii) Boost total SEE trade in goods and services: from EUR 94.4 billion to 209.5 EUR billion in 2020<br>(iii) Reduce SEE trade deficit: from -15.7% (the average in 2008-2010) to -12.3 % of GDP in 2020<br>(1 million new jobs to be created in the SEE region) | | | | |
| **Pillars:** | **Integrated Growth** | **Smart Growth** | **Sustainable Growth** | **Inclusive Growth** | **Governance for Growth** |
| **Pillar-specific targets:** | (iv) Increase SEE intra-regional trade in goods by more than 140%<br>(v) Increase overall annual FDI inflows to the region by at least 160% | (vi) Increase GDP per person employed by 32%<br>(vii) Add 300,000 highly qualified people to the workforce | (viii) Increase net enterprise creation (new businesses per year) from 30,107 to 33,760<br>(ix) Increase exports of goods and services per capita from the region from EUR 1,780 to EUR 4,250 | (x) Increase in the overall employment rate, as a percentage of the 15+ population, from 39.5% to 44.4% | (xi) Improve government's effectiveness as measured by the World Bank Governance Index from 2.33 to 2.9 by 2020 |
| **Dimensions:** | A. Free Trade Area | D. Education and Competences | H. Energy | L. Employment (labour mobility, labour market policies, social economy) | N. Effective Public Services |
| | B. Competitive Economic Environment | E. R&D and Innovation | I. Transport | M. Health | O. Anti Corruption |
| | C. Integration into Global Economy | F. Digital Society | J. Environment | | P. Justice |
| | | G. Culture and Creative Sectors | K. Competitiveness | | |

Во суштина, Стратегијата има силен економски фокус и инклузивниот раст како столб е сведен на вработување и активност на населението. Целта е дефинирана како зголемување на стапката на вработеност на населението над 15 години, но основните димензии на кои се концентрира Стратегијата во однос на оваа цел се зголемување на мобилноста на трудот, социјалната економија и здравје.

Стратегијата предвидува развивање на национални акциони планови за имплементација на ЈИЕ 2020. Во рамките на акционите планови треба да се идентификуваат и посочат областите во кои се потребни дополнителни напори со цел остварување на утврдените цели. Стратегијата ЈИЕ 2020 предвидува развивање на најмалку два сета на акциони планови до крајот на деценијата – првиот кој треба да се изготви непосредно по усвојувањето на ЈИЕ 2020, а вториот по евалуацијата на имплементацијата на стратегијата на среден рок, кон крајот на 2016 год.

Четири групи на актери се вклучени во управувачките структури и координацијата на политиките од ЈИЕ 2020:

1) Националните влади/администрации, претставени од координаторите за ЈИЕ 2020, и надлежните министерства и агенции
2) Регионални структури кои служат како координатори на соодветните стратегиско-политички димензии (координатори по димензии)
3) Советот за регионална соработка
4) Управувачкиот одбор на „ЈИЕ 2020“, кој ги спојува највисоките претставници на политиката во регионот.

Системот за следење на „ЈИЕ 2020“ користи комбинација од квантитативни и квалитативни индикатори преку кои се следи имплементацијата на Стратегијата.

## КООРДИНАЦИЈА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА „ЈИЕ 2020“ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

„ЈИЕ 2020“ е развиена имајќи ја предвид регионалната перспектива. Стратегијата ја има истакнат неолиберален карактер и се концентрира на трговска либерализација и јакнење на компетитивноста на националните економии. И покрај фактот што државите од регионот поминуваат низ тешки проблеми изминатите две децении на пост-социјалистичка трансформација и пост-конфликтна реконструкција, вклучувајќи и високо ниво на сиромаштија, низок животен стандард на значителен дел од населението, проблеми со социјална исклученост и дезинтеграција, латентни и отворени тензии, „ЈИЕ 2020“ има многу ограничен опсег на социјални цели.

Како што е објаснето од страна на претставник од СРС, клучно рацио при утврдувањето на целите била регионалната перспектива. Цели се земени предвид доколку се оцени дека придонесуваат кон регионален раст и придонесуваат кон регионален просперитет. Оттука регионалната мобилност на трудот е земена како цел, бидејќи е согледано дека земјите ќе имаат корист од подоброто искористување на меѓу-државните ресурси, како и дека поуспешно ќе се пренасочат миграциски движења од ЕУ кон интра-регионална мобилност. Се очекувало дека меѓу-државната мобилност на трудот ќе придонесе кон поголем раст, задржувајќи ја работната сила во регионот. Дополнително на ова, се очевуало дека социјалната економија ќе придонесе кон пораст на стапките на вработеност бидејќи е дефинирана како клучна цел во столбот за инклузивен раст. Проценето е дека социјалната економија се наоѓа во многу рана фаза во регионот и дека сеуште недостасуваат правни и институционални предуслови, но со значителен потенцијал да придонесат кон нови вработувања. Здравјето е третата област во која се концентрира овој столб, а особено се однесува на јакнење на компетитивноста.

Иако регионалната стратегија е единствената рамка, се очекува дека на национално ниво ќе се развиваат политики кои ќе даваат резултати во насока на остварувањето на поставените цели.

*„Важно е да се има предвид дека ЈИЕ 2020 не е национална стратегија. Таа е рамка, има консултативна улога во креирањето на политики, преку кои државите ќе дискутираат, вршат евалуација, разменуваат искуства и експертизи, но вистинската работа треба да се сработи дома, вистинското финансирање доаѓа од националните буџети. Советот за регионална соработка не располага со конкретен буџет за имплементација на ЈИЕ2020“* (претставник од СРС).

Меѓувладината работна група за социјалната агенда 2020 – е основана за да ги координира активностите од столбот за инклузивен раст. Ова е првата платформа за структуриран дијалог во областа на трудот и социјалната политика. Покрај претставниците на националните влади, во групата се вклучени и други засегнати страни како синдикати и агенции за вработување. Групата се сретнува два пати годишно и дискутира за прашања во интерес на постигнувањето на целите од ЈЕИ2020. До сега, претежно се работело на социјална економија, мобилност на пазарот на труд и управувањето со пазарот на труд. Недостигот од препознавање на стручни квалификации е забележана бариера за мобилноста на трудот во регионот. Ова е еден од приоритетите кој ќе биде во фокусот на регионалната интервенција. Работната група предвидела и да дискутира за признавањето на дипломи.

Регионалната платформа за вработување – постојан регионален механизам кој ќе вклучува претставници на министерствата надлежни за трудот, координаторите на програмите за економски реформи, социјалните партнери и заводите за статистика, е основана со цел да

стимулира мобилност на трудот во регионот. Ќе се постави и паралелна онлајн платформа со пристап до информации од јавен карактер и регионален регистар на слободни работни места.

СРС наложи изработка на две регионални студии: едната за социјална економија и друга за мобилност на трудот, за да се стекне со увид во трендови, бариери и што е потребно за да подобрување на состојбите во регионот. Во рамките на димензијата за здравје, отпочнати се две иницијативи – оценка на можностите за систем за брза меѓу гранична проценка во итни случаи, и проценка на импактот на здравјето врз вкупната компетитивност (ќе бидат во фокус во 2016та година).

Во моментов, во тек се преговори за либерализација на услуги. Според претставникот од СРС „преговорите се одвиваат добро и се очекува голем напредок во јуни, што значи дека „пазарот" на услуги ќе се либерализира". Ова значи дека правни лица овластени за одредени услуги (вклучително и социјални услуги) во една држава ќе можат да пружаат услуги во други држави од регионот без потреба од дополнителни дозволи.

СРС гледа голема улога во процесот на проширувањето на ЕУ. Државите кандидатки за членство (Турција, Македонија, Србија и Црна Гора) усвоиле пилот Програми за вработување и социјални реформи (ПВСР) и од минатата година влегле во процесот на ЕУ семестри со помалку захтевен облик (наречен „лесен семестар"). Сепак, од оваа година па натаму, државите кандидатки ќе изработат Програми за економска реформа, а првите ПВСР ќе бидат интегрирани во овие програми. Иако се нарекуваат „економски" тие ќе содржат одредени социјални компоненти. Европската комисија ќе алоцира средства до СРС од повеќе фондови, со кои СРС ќе ги подржува државите во развојот на програмите за економски реформи. СРС ќе обезбеди градење на капацитети за политиките кои државите ќе ги означат како приоритетни.

Погледите на СРС во однос на националните механизми за координација за ЈИЕ 2020 се дека секоја држава развива сопствен механизам за координација и се разликуваат од држава до држава, иако сите се темелат на имплементација преку национални политики. Некои држави (СРС претставникот го употребува изразот економии наместо држави, кој е прифатен како службен речник во Советот) имаат добро развиени мрежи за координација. Имено, главниот координатор има мрежа на претставници од надлежните министерства (Македонија влегува во оваа група од држави). Во другите држави (Србија влегува во оваа група) координацијата запира на ниво на (национален) координатор. Координаторите за ЈИЕ2020 поднесуваат национални акциони планови. Кога ќе развијат таков план мора да ги темелат активностите на конкретни мерки и активности во стварноста, поради што и се консултираат со други лица во надлежни министерства.

Според проценката на претставникот од СРС, националните приоритети се одразуваат во Стратегијата ЈИЕ2020 во областа на здравје и управување со пазарот на труд. Но, кога станува збор за мобилност на трудот, нема видлива координација помеѓу националните политики и ЈИЕ2020. Социјалната економија не е приоритет ниту во една од споменатите држави, а состојбата е слична и во ЕУ. Иако, некои држави имаат постигнато многу во областа на социјалната економија.

СРС ја следи имплементацијата на Стратегијата за да индентификува достигнувања, пропусти во остварувањето на целите и за да може да ја оптимизира односно прилагоди во иднина. Алатката за следење на ЈИЕ2020 е т.н. „SEE 2020 process tracker" достапен онлајн. Во моментот и ОЕЦД спроведува мониторинг над ЈИЕ2020.

За крај, претставникот не успеа да објасни како е обликуван столбот за инклузивен раст. Дали водечката улога во неговото формулирање имаа националните влади, регионален тим или ЕК? Па така, едно од не одговорените прашања остана кој бил надлежен да ги дефинира инклузивните цели. Во времето кога е формулирана стратегијата, министерствата за економија ја имале водечката лога, па претставниците на CPC претпоставиле дека тие ќе имаат движечка улога. Прашањето останува зошто државите не биле по амбициозни во целите за социјална инклузија и намалувањето на сиромаштијата. Во случај пак, пресудно влијание да имала ЕУ, се поставува прашањето зошто социјалната компонента во ЈИЕ2020 е помалку амбициозна од социјалната компонента во ЕУ2020, имајќи предвид дека државите од регионот ги одбележуваат посериозни проблеми со сиромаштија, исклученост и тензии.

# СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

## МЕХАНИЗМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Активностите кои произлегуваат од имплементацијата на ЈИЕ2020 на национално ниво, се координираат од надлежни органи, на ниво на министерства. Националниот координатор за ЈИЕ2020 во Република Македонија е Министерството за економија (на ниво на заменик министер) а Министерството за труд и социјална политика (заменик министер) е член на Работната група за социјална агенда. Определените лица за контакт се покажаа прилично интертни кога станува збор за интервјуа, односно пружање на повратни. Националниот координатор за ЈИЕ2020 не даде повратен одговор информации во однос на напредокот во имплементацијата на ЈИЕ2020. Министерството за труд и социјална политика потврди дека согласно со носечката иницијатива од ЈИЕ2020 „вештини и мобилност“ во рамките на една од клучните политики за „Пазарот на труд и политиките за вработување“ како дел од столбот за „инклузивен раст“, повеќе активности се преземени до сега. Во декември 2014 год., усвоен е „Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување во 2015 година“. Истиот е имплементиран во текот на 2015 година. Иако во воведот, документот се повикува на ЕУ2020, активностите и мерките предвидени се во насока на остварување на целите поставени во ЈИЕ2020. Друг документ кој се повикува на ЕУ2020, усвоен во 2014 год., е Националниот акциски план за вработување 2014-2015. [2]

Понатаму, во 2015 година се изработи нов „Акциски план за вработување на млади“ за периодот 2016-2020 година и направен е преглед на постигнатите цели од претходниот Акциски план за вработување на млади до 2015 година. А во текот на 2015 изработена е и усвоена „Националната стратегија за вработување за периодот 2016-2020“.

Документ кој не произлегува од ЈИЕ2020 ниту од ЕУ2020 но чија имплементација оди во насока на остварување на целите поставени во ЈИЕ2020 е Националната програма за пристојна работа

[2] Националниот акциски план за вработување 2014-2015, на Република Македонија е веќе анализиран во објавен извештај на CPC: SEE2020 Baseline Report “Towards Regional Growth”, 2014: “Under the Inclusive Growth Pillar, the focus will be on supporting the creation of new jobs through active labour measures; increasing the labour market skills of the unemployed; enhancing youth employment; strengthening the institutional framework for labour and social policy; reducing poverty and promoting social inclusion; enabling easier access to health services for all citizens; setting up an e-system for the provision of health services; and cooperating internationally with the SEE countries in the area of health.” pp. 86;

2015-2018. Други извори достапни на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика се однесуваат минат временски период.

„Оперативниот план за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување за 2015 год., усвоен во 2014 год., утврдува оспег на услуги како што се: помош при барање на работа, мотивациски обуки, посредување при вработување, услуги за работодавачите, подготовка за вработување и за работа, професионална ориентација и кариерно советување и услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклчување. Други активности предвидени во Оперативниот план вклучуваат општинско-корисна работа и пилот програми за бизниси во мултиетнички средини, обука за надополнување на вештини за градење енергетско-ефикасни згради, обуки од областа на обезбедувањето и од областа на туризмот и инкубатор на занаетчии. Вкупниот број на лица опфатени со Оперативниот план е 31.600 лица вклучени во услуги за вработување и 16.226 лица вклучени во активни програми и мерки за вработување. Во наведените, опфатени се и лица изложени на ризик од социјално исклучување – младина под 29 год. Од податоците од Државниот завод за статистика и програмата целната група брои 240 лица кои бараат вработување. Поголем дел од финансиските средства се обезбедени од буџетот, а дел од програмите Horizon2020, IPA direct grants, Британската амбасада во Скопје и Стопанската комора на Македонија.

Националната програма за пристојна работа 2015-2018 год., врши преглед на минати владини достигнувања и се концентрира на три национални програмски приоритети за периодот од 2015 до 2018 год (повеќето активности се очекува да завршат од 2016-2017): Инклузивен раст пропратен со отварањето на нови работни места и одржлив развој на претпријатијата, ефективен социјален дијалог и формализирање на неформалната економија. Програмата се потпира на соработката со МОТ и Економско-социјалниот совет за редовно следење на нејзината примена (два пати годишно).

Во рамките на самите документи Владата и надлежните министерства изразуваат целосна посветеност кон имплементација на на акциските планови. До сега, доминанта улога во утврдувањето на целите и приоритетите во акционите планови имаат само владата и другите надлежни органи. Во однос на вклучувањето на претставници од цивилното опшество во подготовката на стратешки акти и планови или пак во следењето на нивната примена (како формални или неформални партнери) властите се "аутистични" и од согледаното во оваа анализа, ниту една граѓанска организација не е поканета да учествува во подготовката на документите.

Сите цели и активности имаат национален карактер и до сега, нема видливи активности со регионална компонента. Во однос на мобилноста на трудот во регионот може да се спомене една мерка. Рокот за издавање на мислења по поднесени барања за издавање на работна дозвола од страна на АВРМ е скратено од 45 на 5 дена.[3] Извештајот за напредокот на РМ, од ЕК укажува дека извесен напредок е постигнат во поглед на слободата на движењето на работници иако сеуште сите активности се во многу рана фаза.

Инклузивен раст се споменува често во горенаведените акциски планови и програми, а се однесува на млади и ранливи групи (често споменувана е ромската заедница) иако следењето на имплементацијата на конкретни цели низ достапна статистика е тешко. Владините активности во однос на социјална инклузија претежно се потпираат на вработувања на корисници на социјална помош (1600) и лица со попреченост (300) во јавниот сектор, а надлежните органи не располагаат со доволно капацитет да се справат со поставените

[3] EC, Country Progress Report for the Republic of Macedonia, 2014-2015, pp. 23;

политички цели и стратешки активности. Честа забелешка се упатува кон податоците за сиромаштијата, кои ретко се ажурираат.[4] Се спомнува цифра од околу 530 лица кои припаѓаат на ромската заедница од кои голем дел сеуште не поседуваат соодветни исправи за идентитет. Координацијата помеѓу надлежните органи е слаба и неадекватна. Извесен напредок е постигнат во имплементацијата на Националната стратегија за еднакви права на лицата со попреченост 2010-2018, со основањето на нови станбени единици во кои се пружаат услуги за лицата со попреченост. Постојните политики за подобрување на пристапот до пазарот на труд за лицата со попреченост се оценети како недоволни и Националното тело за координација надлежно да ја следи имплементацијата на Конвенцијата на ОН сеуште не е активно.[5]

Во однос на димензијата за здравје како компонента на столбот за инклузивен раст од ЈИЕ2020, СРС ја подржува ЈИЕ Мрежата за здравје да ги операционализира приоритетните мерки. Во однос на меѓу-секторското управување за здравје, постигнат е договор во рамките на мрежата да се организираат заеднички работни состаноци со други иницијативи во областите на транспорт, образование, локална самоуправа и трговија во првата половина од 2015 год., а највидлив напредок е воспоставувањето на Секретаријатот на организацијата со седиште во Скопје (очекувано да заврши во првата половина на 2015).[6] Исто така, остварени се билатерални преговори со Словачка и Унгарија, за употреба на Европската картица за здравствено осигурување.[7]

## ЈИЕ 2020 ПОСТИГНУВАЊА ВО МАКЕДОНИЈА

Следењето на рамката на регионално ниво се врши преку поширок сет на индикатори за секој столб. Изборот на индикатори и поширок од главните цели и укажува на фокусот на интерес на носителите на јавни политики. Прегледот на алатката за следење на напредокот на ЈИЕ 2020 открива дека некои од индикаторите за социјална вклученост кои ЕУ ги користи во столбот за инклузивен раст, во регионот се користат во столбот за иновација. Таков е случајот со стапката на лица кои предвремено напуштаат образование и учеството во грижата во раното детство. Од друга страна, развојот во столбот за инклузивен раст се следи во главно преку вработувања и индикатори за здравје. За вработувањата основен индикатор се однесува на стапката на активност и вработеност на различни категории, структурата на вработеноста по индустрии и стапка на невработеност (вклучувајќи ја и долгорочната невработеност). Индикаторите за здравје се разнолики и вклучуваат вакцинации, здравје на деца, здрав живот, некои хронични заболувања, јавни расходи за здравство и сл.

Податоците за повеќето индикатори во Република Македонија се достапни преку Државниот завод за статистика. Другите се достапни од Еуростат, Светска банка и Народната банка на Република Македонија. Можат да се забележат дупки во податоите од 2010 до 2014 иако достапните податоци ги задоволуваат потребите на оваа анализа (се однесува на Република Македонија).

---

[4] Ibid, pp. 35;

[5] Ibid;

[6] Annual Report of the Secretary General of the Regional Council on Regional Cooperation in South East Europe 2014-2015, pp. 24; No data is available on its establishment or structure on the official webpage http://seehn.org/contact/#;

[7] EC, Country Progress Report for the Republic of Macedonia, 2014-2015, pp. 23;

Во приложената табела даден е преглед на одбрани индикатори. Особено е тешко да се добие увид во клучните димензии на инклузивниот раст, бидејќи индикаторите не се дизајнирани имајќи ги предвид овие димензии – социјална економија и мобилност на труд.

| **Стратешки цели** | Основа (2010) | Цел (2020) | Tracker (2012) | Последни достапни податоци |
|---|---|---|---|---|
| Образование и иновација | | | | |
| Предвремено напуштање на образование | 15.5[8] | <10% (EU2020 цел) | 11.7[9] | 12.5 (2014) |
| Дел од населението на возраст 30-34 со терциерно образование[10] | 17.1 | 40% (EU 2020 цел) | 21.7 | 29.4 |
| Број на високо квалификувани лица во работната сила [11] | 169,790 | 204,000 | 178,596 | 174,492[12] |
| Учество во рано образование и грижа за деца | | 95% (EU 2020 цел) | | 18.5% (2014)[13] |
| Употребени средства на домаќинства, за култура и рекреација | 8,678 МКД Ден[14] | N/A | 7,419 МКД Ден[15] | 12,389 МКД Ден[16] |
| Инклузивен раст | | | | |
| Вкупна стапка на вработеност, % на 15+ население | 38,7[17] | 43.6 | 39.0 | 41.2[18] |
| Стапка на вработеност 15-24 | 15.4 | N/A | 15.5 | 15.2[19] |
| Стапка на активност 15+ | 56.9 | N/A | 56.5[20] | |

[8] State Statistical Office, Labor Force Survey 2010, pp.102,
[9] Ibid, 2012, tab.86;
[10] EUROSTAT, Tertiary educational attainment, age group 30+34;
[11] SEE2020 Progress Tracker;
[12] State Statistical Office, 2014, Tab:02-3; 134.103 employed, 40.389 unemployed, 35.942 inactive population. Highly qualified persons include: higher education (BA or BS level University degree), Masters degree and PhD degree;
[13] 30,107 children, out of total 162,208 children age 0-6; State Statistical Office. Estimates according to population statistics 31.12.2014;
[14] State Statistical office, House Hold Consumption, 2012, pp. 24;
[15] State Statistical office, House Hold Consumption, 2012, T.05;
[16] State Statistical office, House Hold Consumption, 2014, T.05;
[17] Labour Force Survey, State statistical office of the Republic of Macedonia, 2010, according to ILO recommendations;
[18] State Statistical Office. Labour Force Survey 2014 (Employment rate - participation of the number of employed in the working age population aged 15 years and over (according to the recommendations of the International Labour Organization - ILO); 42.4% in Q3 2015. Data published 11.12.2015, Q3, 2015 http://www.stat.gov.mk/KlucniIndikatori.aspx; methodology: Employment rate - participation of the number of employed in the working age population aged 15 to 64 years (according to the recommendations of the Statistical Office of the European Communities - Eurostat);
[19] Ibid, 2014; Tab.77, Activity Rates of the population by age groups and gender

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 57.3 (2014) [21] |
| Стапка на невработеност на млади | 53.7 | N/A | 53.9 | 48.2[22] |
| Долгорочна невработеност | 26.7%[23] | N/A | 25.5% | 23.4% (2014)[24] |
| Неформална невработеност | 26.2 | N/A | 22.5[25] | 22.6 (2014) |

Од 2010 до 2014 год., достапните податоци за повеќето индикатори укажуваат на бавен (на места маргинален) но постојан раст, додека на места покажува на парабола во набљудуваниот период. Процентот на поединци кои предвремено го напуштаат образованието покажува пад за 3.8% во 2012 што укажува на подобрување, а до 2014 пак се покачува за 0.8% односно маргинално влошување во таа област, што е разочарувачки сооглед дека основното и средното образование се задолжителни во Република Македонија.

Делот на населението на возраст помеѓу 30 и 34 години со завршен трет циклус на образование е во постојан пораст година за година. Од 17.1% во 2010 на 21.7% во 2012 (покачување за 4.6 перцентилни поени) и на 29.4% во 2014 (што покажува на пораст од 7.7 перцентилни поени). Доколку продолжи овој тренд, остварувањето на ЕУ2020 целта да нема помалку од 40% од населението во оваа старосна група со завршен трет циклус на образование изгледа реално. Иако, е тешко да се предвидат во целот овие трендови бидејќи терциерното образование сеуште е препознаено како критериум за вработување во мал број професии.

Податоците за високо квалификувани лица во работната сила покажува варијации во растот во набљудуваниот период. Од 2010 до 2012 година статистиките покажуваат пораст за 8,806 високо квалификувани лица, додека до 2014 година годишниот извештај (ДЗС) покажува пад за 4,104 од 2012. Во зависност од тоа дали трендот ќе продолжи да расте или опаѓа, тешко да се предвиди остварувањето на целта од ЕУ 2020, иако лично сметаме дека состојбата во овој индикатор е оптимистична.

Трошоците на домаќинствата односно средствата кои домаќинствата ги трошат на култура и рекреација како индикатор за квалитет на живот (односно се тргнува од претпоставката дека семејства кои не се оптеретени со егзисенцијални прашања посетуваат поеќе културни настани) исто така покажува крива. Од 2010 просечните расходи на култура по домаќинство опаднале за 1.259 МКД ден (20.4 euro) до 2012, за потоа да се покачат за 4970 МКД ден (80.8 euro) до 2014, со што просечното домаќинство трошело 12,389 МКД ден (201.4 euro) на култура.[26] Сепак, ако се разгледа овој индикатор по видот на домаќинството, се увидува нееднаква дистрибуција на куповна моќ од домаќинство до домаќинство.

---

[20] Ibid, 2012;

[21] Ibid, 2014; Tab.77, Activity Rates of the population by age groups and gender; 56.9 in Q3 2015;

[22] Ibid, 2014; Tab.77, Activity Rates of the population by age groups and gender; 48.2 in Q3 2015;

[23] State Statistical Office, Labor Force Survey, 2010;

[24] State Statistical Office, Labor Force Survey, 2014; Total number of long term unemployed: 2010 – 250,298; 2012- 295,502; 2014-224,120 (Long-term unemployment - unemployed persons for one year or more); 250,298 persons out of a total of 300,439 persons unemployed; and a total labor force of 938,294; % of long term unemployment: 2010-83.3; 2012-82.1; 2014-83.4;

[25] Ibid, 2012;

[26] The data differs from rural to urban household averages. Rural or households living of agriculture as a primary source of income, spend 2,382 MKD den (38.7 Euro) on culture on average, and non-agricultural households spend 12,327 MKD den (200.4 Euro) on culture on average;

Вкупната стапка на вработеност на населението над 15 години покажува растечки тренд, со порасто за 0.3 перцентилни поени од 2010 до 2012, и за 2.2 перцентилни поени од 2012 до 2014. Иако навидум маргинален раст, доколку продолжи истиот тренд целите од ЈИЕ 2020 се остварливи до 2020 год. Во однос на стапката на вработеност на населението на возраст помеѓу 15-24 год., состојбата е речиси непроменета, со маргинален пораст за 0.1 перцентилен поен од 2010 до 2012 год., и пад за 0.3 перцентилни поени од 2012 до 2014 год. Невработеноста кај младите останува значително висока на 48.2% во 2014, и покрај падот за 5.7 перцентилни поени од 2012.

Состојбата изгледа дека се подобрува со стапката на активност на работната сила со пораст за 0.8 перцентилни поени од 2012 до 2014 год. Сепак, 48.2% од работоспособното население над 15 години да се води како активно не е оптимистичен показател.

Долгорочната невработеност исто така покажува континуирано подобрување (иако занемарливо и сеуште е на загрижувачки високо ниво) со пад за 1.2 перцентилни поени од 2010 до 2012 и за 2.1 перцентилен поен од 2012 до 2014. Ова сеуште остава 224,120 лица кои се водат како долгорочно невработени (ДЗС) односно невработени подолго од една година, и претставува 83.4% од вкупната бројка на невработени лица.

Неформалната вработеност покажува пад од 26.2% во 2010 на 22.5% во 2012. Од тогаш состојбата е речиси непроменета, со маргинален пораст на неформалната невработеност за 0.1 перцентилен поен во 2014 односно нема знаци на подобрување.

Она што загрижува во однос на прикажаните податоци е нивната релевантност, имајќи предвид дека успешен попис на населението не е спроведен во Република Македонија од 2002 година, со што се доведуваат во прашање сите показатели кои се изразуваат во проценти. Друга забелешка во однос на стапките на невработеност и вработеност е примената на различна методологија низ набљудуваниот период во Државниот завод за статистика. Конечно, политиката да се прави разлика помеѓу активни и пасивни баратели на работа е тешко да се оправда и не е логички аргументирана. Останува неодговорено прашањето како лица кои “бараат” вработување се сметаат за пасивни баратели? Ова прашање е од значај бидејќи влијае врз стапките на невработеност и стапките на активност прикажани во статистичките извештаи.

## Заклучоци и препораки

Заклучоци:

- Нема цели за намалување на сиромаштијата во ЈИЕ2020 и социјалната исклученост е сведена на стапки на активност и мобилност на труд.
- Има помалку аспекти кои се однесуваат на социјална инклузија што се следат во рамките на основните цели:
    - Во столбот за иновации: предвремено напуштање на образование, стекнување со образование на населението особено младите, учеството во рано образование и грижа за деца.
    - Во столбот за инклузивне раст: повеќе индикатори кои се однесуваат на вработеност и здравје,

  Иако овие димензии се следат во главно за целите на компетитивноста на работната сила.

- Во Република Македонија, ЈИЕ 2020 останува малку видлива (невидлива) дури и за стручната јавност. Повеќето акциски планови и владини активности се однесуваат на цели од ЕУ2020 а не на специфични активности утврдени во ЈИЕ2020, иако некои од нив соодветствуваат едни со други. Невработеноста останува висок приоритет во повеќето владини документи, но ранливите групи и долгорочно невработените лица како категорија не се опфатени со соодветни мерки и не се определени доволно средства за справување со оваа проблематика. До сега, преземени се многу малку (ако воопшто) активности кои се справуваат со мобилност на трудот, невработеноста и сиромаштијата од регионален аспект.
- Владините мерки за вработување кои таргетираат ранливи групи и лица под ризик од социјална исклученост, во реалност, се темелат на вработување во јавниот сектор. Ова не може да биде долгорочно одржливо решение. Напори мора да се вложат да се стимулираат работодавци да пружаат вработувања на целната група.
- Посочениот национален координатор за имплементацијата на ЈИЕ 2020 е тешко достапен и најчесто нереспонзивен кон прашања за напредокот во имплементацијата на Стратегијата
- Цивилното општество не учествува во изработката ниту имплементацијата на ниту еден национален акциски план, програма или друга владина активност.

Препораки за МППС:

- Основен фокус на идните активности треба биде следењето на имплементацијата на „Акцискиот план за вработување на млади за периодот 2016-2020" и „Националната стратегија за вработување за периодот 2016-2020".
- Следење на имплементацијата на другите усвоени акциски планови кои требаше целосно да спроведат до крајот на 2015, и проценка на видливоста на резултатите во 2016.
- МППС треба да се стреми кон остварување на соработка со надлежните органи и да биде препознаена во подготовката на идните акциски планови, заедно со други претставници на цивилното општество кои имаат слични цели
- Кон ЈИЕ2020, треба да се предложи зајакнување/воведување на столб за социјална вклученост кој ќе содржи цели за намалување на сиромаштијата